
Ден на македонскиот јазик
vladomisajlovski

Опстојувањето на јазикот зависи од тоа колку тој се користи и промовира, тој е дел од националниот идентитет на еден народ.

Како што рекол Мисирков: „Милоста кон родниот јазик е наш долг и наше право". „Ние сме должни да го милуваме нашиот јазик, зошто е наш, исто како што е наша татковината". „Еден народ што го изгубил својот јазик, личи на човек кој го изгубил патот и не знае ни каде оди, ни кој е"!

Во моменти кога националните интереси доживуваат силни удари како од преспанскиот договор така и од други договори склучени со друга држава, секогаш ќе бидеме тука да потсетиме дека: Ние сме еден народ кој во своето постоење  минал еден тежок пат, еден народ кој во еден период не смеел да го употребува својот мајчин јазик. Но, тој опстојувал, благодарение на нашите автори и нивните дела како Шапкарев и Цепенков, но и  Мисирков, кој со својата книга „За македонските работи" го поставил темелот на литературниот јазик.

Го сочувавме јазикот во најтешките моменти, ќе продолжиме  да го чуваме и негуваме и во иднина. Тој е неизбришлив дел од културната меморија. Да го сочуваме, да го промовораме, тој е наш, Македонски!

Една порака која во наследство ни ја остави Мисирков, а вели: „Да се откаже човек од својот народен јазик значи да се откаже тој и од народниот дух"

„Македонците и се нужни на Македонија, само со Македонци, Македонија ќе биде на Македонците, а не без нив" !

Честит 5 Мај - Ден на македонскиот јазик!



Весна Атанасовска